# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 2 год.21** |


**Општина Чучер - Сандево, март 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **Четврток 01 март 2018 година** | **Бр. 1 Год. 21** |


# 9.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавуваат **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година.

**Бр.09-348/1**
**01.03.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (“Слубен весник РМ” бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 23 став 1 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер Сандево” бр.02/03), Советот на Општина Чучер Сандево на **4та** седница одржана на **28.02.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2018 година на следниот начин :

| | | Осн.буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | -5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 424440 | Поправка и одржување на др.опрема | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2018 година.

**Бр. 01 - 322/3**
**28.02.2018 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 10.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година

**Бр.09-348/2**
**01.03.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 23 став 1 точка 4 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.2/2003), Советот на општина Чучер-Сандево на **4-та** седницата одржана на **28.02.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година, бр.01-1127/5 од 26.12.2017 година, во член 2 зборовите: “(општ, посебен и развоен дел)“ се бришат.

**Член 2**

Во членот 15 став 1 зборовите: “Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика“ се заменуваат со зборовите: “Основицата за пресметка на платите на градоначалникот изнесува 26.775 денари“

**Член 3**

Во членот 16 став 2 се брише.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр.01-322/4**
**28.02. 2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 11.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА НАДОМЕСТОК НА ИЗБОРНИ ТРОШОЦИ ЗА УЧЕСНИЦИ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ ОДНОСНО КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК И НА УЧЕСНИЦИ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ ОДНОСНО КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК

Се објавува **Одлука за надоместок на изборни трошоци на учесници во изборна кампања од чии листи на кандидати се избрани кандидати за членови на Советот, односно кандидат за градоначалник и на учесници во изборна кампања од чии листи на кандидати не се избрани кандидати за членови на Советот, односно кандидат за градоначалник**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година

**Бр.09-348/3**
**01.03.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), и член 86 од Изборниот законик ("Службен весник на Р.М." бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 67/17) Советот на општина Чучер-Сандево на **4-та** седница, одржана на **28.02.2018** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА НАДОМЕСТОК НА ИЗБОРНИ ТРОШОЦИ ЗА УЧЕСНИЦИ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ ОДНОСНО КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК И НА УЧЕСНИЦИ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ ОДНОСНО КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК**

### Член 1

Со ова одлука се определува надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани членови во Советот на Општина Чучер-Сандево, односно градоначалник на Општина Чучер-Сандево и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани членови во Советот на Општина Чучер-Сандево, односно градоначалник на Општина Чучер-Сандево.

### Член 2

Надоместокот на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани членови во Советот на Општина Чучер-Сандево, односно градоначалник на Општина Чучер-Сандево во висина од 15 денари по добиен глас, изнесува:

1.Социјалдемократски сојуз на Македонија-СДСМ, Нова социјалдемократска партија-НСДП, Либерално демократска партија-ЛДП, Демократски сојуз на власите во Македонија-ДСВМ, Нова алтернативе-НА, Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија-ПОПГМ, Социјалдемократска унија-СДУ, Либерална партија на Македонија-ЛП, Демократски сојуз-ДС, Српска народна странка во Македонија-СНСМ, Демократска обнова на Македонија-ДОМ, Партија за целосна еманципација на ромите-ПЦЕР, Политичка партија достоинство-ППД, Партија за економски промени-"ПЕП 21", Алијанса за позитивна Македонија-АПМ, Партија за европска иднина-ПЕИ, Партија за движење на турците во Македонија-ПДТ, Српска странка во Македонија-ССМ, Демократска партија на ромите-ДПР, Обединета партија за еднаквост на ромите-ОПЕР, Обединети за Македонија-ОМ и Македонска обедителна реформска организација-Работничка партија-МОРО-РП.

946 добиени гласови x 15,00 денари = 14.190,00 денари

2.ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на србите во Македонија, Граѓанска опција за Македонија -ГРОМ, Сојуз на ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија, Партија на власите од Македонија,

Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Нова либерална партија, Партија на обединети деморати на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на турците на Македонија, ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија), Македонска акција (МААК), Демократски сили на ромите, Роми обединети од Македонија, Движење за национално единство на турците и Титови леви сили

627 добиени гласови x 15,00 денари = 9.405,00 денари

3.Демократска унија за интеграција-ДУИ

616 добиени гласови x 15,00 денари = 9.240,00 денари

4.Алијанса на албанците-А/А

534 добиени гласови x 15,00 денари = 8.010,00 денари

5.Група избирачи-Јовица Пирковиќ

732 добиени гласови x 15,00 денари = 10.980,00 денари

5.Група избирачи-Богољуб Ниниќ

812 добиени гласови x 15,00 денари = 12.180,00 денари

**Член 3**

Надоместокот на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани членови во Советот на Општина Чучер-Сандево, во висина од 15 денари по добиен глас, кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на општината изнесува:

1.Народно движење за македонија-НДМ

235 добиени гласови x 15,00 денари = 3.525,00 денари

**Член 4**

Надоместокот на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати е избран градоначалник на Општина Чучер-Сандево во висина од 15 денари по добиен глас, изнесува:

1.Група избирачи-Јован Пејковски

2.4086 добиени гласови x 15,00 денари = 37.290,00 денари

**Член 5**

Надоместокот на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран градоначалник на Општина Чучер-Сандево во висина од 15 денари по добиен глас, кои освоиле најмалку 1,5% од

вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на општината изнесува:

1. 1.Народно движење за македонија-НДМ Горан Чекаловиќ

2.008 добиени гласови x 15,00 денари = 30.120,00 денари

**Член 6**

Надоместокот на трошоците од член 2, 3, 4 и 5 на ова одлука се исплатува од Буџетот на Општина Чучер-Сандево, најдоцна во рок од три месеци по поднесување на финасискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на државната изборна комисија за спроведените избори.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-322/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**28.02.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 12.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за јавно осветлување во Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година

**Бр.09-348/4** **Општина Чучер-Сандево**
**01.03.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.5/02), член 7 од Законот за комуналните дејности ("Службен весник на Р.М" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16 ) и член 23 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Советот на општина Чучер-Сандево, на **4-та** седницата одржана на **28.02.2018** година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

## I.ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на општината утврдени со Законот за локалната самоуправа, а операционализирани со посебните закони, е и одржување на јавното осветлување врз основа на планови и годишни програми.

II.ЦЕЛ

Цел на програмата е изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во исправна состојба

III.ПРЕДМЕТ

Предмет на Програмата се активности во текот на 2018 година, кои ќе се превземат на планот за реконструкција и одржување на јавното осветлување.

IV.ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

а) Обем

1.Рекострукција на јавно осветлување во сите населени места.

2.Редовно одржување на јавното осветлување во исправна состојба во сите населени места.

3.Редовно плаќање на фактурите за потрошена ел.енергија по основ јавно осветлување.

б) Динамика

Динамиката на реконструкцијата и редовно одржување на јавното осветлување ќе се одвива согласно оперативно-термински план изготвен од страна на Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, а динамиката на плаќањето на фактурите ќе се одвива согласно доспеаните фактури и приливот на финансиски средства по основ комунална такса за јавно осветлување.

V.ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на ова програма во рамките на Буџетот на Општината за 2018 година - Програма Ј3-Јавно осветлување превидени се финасиски средства во износ од 28.700.000,00 денари, од кои:

-за реконструкција и одржување на јавно осветлување 19.200.00,00 денари

-за потрошена ел.енергија по основ јавно осветлување 4.877.000,00 денари

-за исплата на долг за јавно осветлување врз основ на Спогодба со ЕЛЕМ 4.623.000,00 денари

**VI.ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Активностите за реконструкција и одржување на јавното осветлување ќе ги извршува Општина Чучер-Сандево преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**VII.НАДЗОР**

Надзор над спроведувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Чучер-Сандево.

**VIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 08-322/6**
**28.02.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 13.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година

**Бр.09-348/5**
**01.03.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на Р.М“, бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“, бр.05/02), Советот на Општина Чучер-Сандево на **4-та** седница одржана на **28.02.2018** година, донесе

# ПРОГРАМА

## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2018 година ги дефинира: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиски средства за вршење на работите, временски рокови за извршување на работите, како и динамика и начин на вршење на работите.

Согласно одредбите од Законот за јавната чистота, одржувањето на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење и преставуваат обврска на единиците на локалната самоуправа.

Програмата од став 1 содржи и поставување соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти и обезбедување на јавни санитарни јазли.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува квалитетно чистење на јавните површини на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Одржување на јавна чистота на јавните површини во Општина Чучер-Сандево, ќе го врши ЈКП “Скопска Црна Гора“.

## II.ВИД, ОБЕМ, ДИНАМИКА И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавна чистота на јавните површини ќе се врши преку следните активности:

-собирање и чистење на смет од јавните површини и објекти: улици, мостови, автобуски станици, спортско рекреативни објекти и други јавни површини;

-одржување на јавна чистота со метење на улици;

-сечење и кастрење на сува трева, гранки и дрвја до 2 м од патот од левата и десната страна и

-чистење на снег и мраз од јавните површини по главните улици во населените места.

Категоризација на јавните површини зависи од: населеност, распоред на деловните, јавните објекти, како и индивидуалните објекти за домување и интензитетот на сообраќајот.

**I категорија** - општинските патишта во населени места со густа фрекфенција на движење.

***Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш неделно***

**II категорија** - населени места и подрачја со слаба фрекфенција на луѓе и моторни возила.

***Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш месечно***

**III категорија** - општинските патишта кој ги поврзува населените места во опШтината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини и отворените простори на јавните и деловните објекти.

***Работите ќе се извршуваат еднаш месечно***.

За растителниот отпад (отпад кој настанува од косење на трева, сечење дрвја, собирање на лисја, отпад од градини и друг отпад од растително потекло) на подрачјето на Општина Чучер-Сандево се планира да се постават контејнери со капацитет од 5,5 м3.

Нивното празнење ќе биде - ***по потреба.***

Со ова ќе се спречи фрлање на растителниот отпад во и покрај садовите за собирање на комунален отпад.

Во зависност од потребите, соогледување на стручни служби на опШтинските органи и давателот на услугата или по барање на корисниците на услугите, динамиката на одржувањето на јавните површини може дополнително да се определи и прошири .

## III.ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД

За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се постават садови - корпи за отпадоци на растојание од 150 метри на главните општински патишта.

Садови - корпи за отпадоци ќе се постават на отворените простори на јавните и деловните објекти (училишта, здравствени установи, спортски објекти и културни установи). Празнење на садовите - корпите за отпадоци ќе го врши сопственикот, односно корисникот на установата /објектот.

Локации на поставување на садови - корпи за отпадоци на подрачје на ОпШтина Чучер-Сандево ќе ги утврди Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, а поставувањето ќе го врши ЈКП “Скопска Црна Гора“.

За одржување на јавната чистота, покрај веќе постоечките садови за отпад ќе се набават контејнери од 5,5 м3.

## IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за релизација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година од Програмата Ј4 - Јавна чистота во износ од 500 000,00 денари.

## V.НАДЗОР

Надзор над спроведување на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево ја врши Градоначалникот, преку овластениот инспектор за животна средина и комунални работи и Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до 31.12.2018 година.

**Бр.01-322/7**
**28.02. 2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 14.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО 2018 ГОДИНА

Се објавува **Програма за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита во 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година

**Бр.09-348/6**
**01.03.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 1 точка 11 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.2/03), а во врска со член 11 став 1 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 192/15 и 30/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **4-та** седница одржана на **28.02.2018** година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО 2018 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Чучер Сандево, има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита и прецизирање на мерките и активностите преку кои Општината ќе ја спроведува социјалната заштита на своите жители.

Согласно одредбите од Законот за социјална заштита, Општината обезбедува остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблем, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дрога, други сипотропни супстанци, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребата од обезбедување на социјалната заштита.

Со ова Програма се уредуваат приоритетите во областа на социјалната заштита, целите, активностите и средствата потребни за нивна реализација во 2018 година.

## II. ПРИОРИТЕТИ, АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

Главна цел на Програмата за социјална заштита на Општина Чучер-Сандево е да предложи форми на социјална грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите можности и законски овластувања. Програмата е резултат на направената анализа на состојбите на социјално живеење и идентификуваните проблем во неа односно врз основа на повеќегодишно континуирано следење на состојбата во Општината.

Главно, насочена е кон спречување на создавање на нови социјални случаи односно нивно рано откривање (во социјален ризик) како и помош на семејства/лица кои се корисници на парична помош од областа на социјаните надоместоци. Со истата се опфатени сите возрасни групи на жителите на Општината.

Програмата дефинира 3 приоритети, чие исполнувањето треба да допринесе за подобрување на социјалната слика на Општината.

1. **Подршка на социјално загрозени семејства и семејсва кои се нашле во социјален ризик**

- Цели:

-подршка на корисниците на социјална помош и намалување на ризикот од создавање на нови социјални случаи.

- Активности

А. Доделување на Еднократна парична помош согласно Правилник со критериуми за доделување на еднократна парична помош

Б. Пакети (храна, хигиенски средства, облека, покуќнина) за семејства корисници на права од областа на социјална заштита. Оваа активност ќе се реализира по барање на граѓанинот проследено со комплетна документација.

- Носител Општина Чучер Сандево,
- Вклучени страни Општина Чучер Сандево, МТСП, ЦК, НВО и здруженија
- Средства за реализација 100.000 денари
- Рокови-континуирано во текот на целата година

2. **Грижа за стари лица без семејна грижа**

- Цели:

-овозможување на достоинствен и безгрижен живот на стари лица без семејна грижа на кои им е потребна помош и подршка

- Активности

Ова активност ќе се реализира по добиено барање лично или од друго лице и по разгледување на околностите ќе се пристапи кон нејзино реализирање. Помош ќе се доделува во храна, облека, лекови, хигиенски средства или покуќнина и тоа: во недела на стари лица (Ноември), за Божиќ, за Велигден како и во вонредни околности.

Лице од Општината ќе води регистар на стари лица на кои им е потребна ваква помош. Лицето/барателот еднаш внесен во регистарот ги користи бенифициите од оваа активност во текот на целата календарска година.

- Носител Општина Чучер Сандево,
- Вклучени страни Општина Чучер Сандево, ЦК, НВО и здруженија
- Средства за реализација 25.000 денари
- Рокови-за примање на барања е континуирано во текот на целата година додека доделување ќе се врши три пати во годината

3. **Давање на помош на странки во врска со потребна документација за остварување на некое право од правата кои ги нуди Законот, помош при изборот на одредена соц.услуга и сл.**

- Цели:

-преку ова мерка ќе се овозможи на жителите на Општината по лесно да дојдат до потребните информации

- Активности

Општината во секој момент ќе може на странка да и помогне во врска со потребна документација за остварување на некое право од правата кои ги нуди Законот, помош при изборот на одредена соц.услуга и сл.

- Носител Општина Чучер Сандево,
- Вклучени страни Општина Чучер Сандево, МТСП ПО Бутел,
- Средства за реализација / денари
- Рокови-континуирано во текот на 2018 година.

Освен погореспоменатите активности, Општината во соработка со Црвен Крст -Чаир, континуирано, ќе спроведува активности од Календарот на активности на Црвен Крст на Република Македонија.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со ова Програма ќе се финасираат (125.000 денари) од средства во Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година, одредени за таа цел како и преку други форми и активности за обезбедување на финансиска подршка за нивно реализирање, невладини и владини организации, спонзорства и донации.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Чучер Сандево ќе помага и со:

-обезбедување на техничка и друга помош

-учество на промотивни и протоколарни средства

-организирање на трибини, форуми, дебати за младите на тема од нивен интерес

-организирање на кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево го следи реализирањето на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози, во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево“, а ќе се применува до 31.12.2018 година.

**Бр.01-322/8**
**28.02. 2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 15.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО И ЗАШТИТА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита на заразни болести во 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година.

**Бр.09-348/7** — **Општина Чучер-Сандево**
**01.03.2018 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ број 2/03), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на РМ“ бр 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Закон за јавно здравје („Сл.Весник на РМ“ бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16), Националната годишна програма за јавно здравје на РМ во 2018 година Советот на Општината Чучер-Сандево, на **4-та** седница одржана на ден **28.02.2018** година, донесе

# ПРОГРАМА
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО И ЗАШТИТА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2018 ГОДИНА**

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести Советите на Општините, по претходно мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат програма **За спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заШтита од заразни болести во 2018 година** на своето подрачје.

Со ова Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2018 година.

## Мерки, цели, активности

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, промоција на здрави навики како и утврдување на активностите, извршителите, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2018 година.

Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на Општина Чучер Сандево од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигање на повисоко ниво на заштитата на населението од заразни болести и унапредување на здравјето.

## I.Приоритети

Со цел заштита на населението од заразни болести и унапредување на здравјето, Општината Чучер-Сандево е должна да ги организира и следи

општите мерки за заштита од заразни болестии чување и унапредување на здравјето кои се однесуваат на:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти-училиштата
4. Превентивно -промотивни активности за чување и унапредување на здравјето на населението и
5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и јавни површини.

**1.Општа мерка**

**Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување**

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравјето на луѓето, како и вода која не содржи супстанции во концентрации кои сами или заедно со други супстанции претставуваат опасност по здравјето на луѓето.

На територијата на Општината Чучер-Сандево, со водоснабдителниот систем стопанисува Јавно Комунално Претпријатие-„Скопска Црна Гора“ (во понатамошниот текст-ЈКП СЦГ) кое, е надлежно за снабдување со безбедна вода за пиење на населението од населените места Бањани, Горњани, Бразда, Глуво, Мирковци, Чучер, Сандево, Голиово, Кучевиште и Побожје.

Пред пуштање во употреба на водоводот извршени се сите законски предвидени активности кои водат кон безбедност и здравје на корисниците од населеното место.

Во населено место Блаце, примарна и секундарна водоводна мрежа ќе продолжи да се изведува и во текот на 2018 година, со цел обезбедување на здрава и чиста вода за пиење за домаќинствата ( според претходно направените анализи, водата од локалниот водовод не одговара на Правилникот за безбедност на вода).

Населените места ТануШшевци, Брест и Малино со вода се снабдуваат од сопствен водовод.

**1.1.ЦЕЛ**

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење

**АКТИВНОСТИ**

За да водата биде безбедна за пиење и да не содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето, ЈКП СЦГ потребно е да врќи соодветна дезинфекција и испитување според Правилникот за безбедост на вода и тоа:

1.Дезинфекција и чистење на извориште (7 изворишта), каптажа, резервоар(9 резервоари), водоводна мрежа и други објекти и постројки на јавен водовод, се врши најмалку еднаш годишно, а во случај на елементарни непогоди почесто.

-Сите изворишта на вода како и сите водоснабдителни објекти треба да бидат заштитени од случајно или намерно загадување, како и од други влијанија кои можат да ја загрозат безбедноста на водата за пиење.
2.Методологијата за испитување на водата за пиење предвидува анализа на репрезентативен број мостри на водата за пиење од:

-вода од извориштето (2 пати/год),

-вода по дезинфекција,

-вода од резервоарите за вода за пиење,

-вода од водоводната мрежа и

-вода на местото на потрошувачката -земање на мострите од однапред утврдена локација, временски и просторно рамномерно распоредени при што треба да се води грижа да бидат опфатени сите значајни објекти кои имаат поголем број корисници како што се Училишта, амбуланти и сл.

- запознавање на жителите како и сите засегнатите страни со резултатите од анализата.

3.Ако се утврди дека водата не е безбедна за пиење, ЈКП СЦГ треба:

-даја прекине или ограничи испораката на водата,

-ставање натпис *Водата не е за пиење*,

-да ги извести потрошувачите и да им даде соодветни препораки,

-да ја детектира причината за загадувањето и

-да спроведе итни мерки за одстранување на загадувањето.

-Доколку пак, прекинот во испорачувањето на вода е подолго од 24 часа, ЈКП СЦГ треба да обезбеди снабдување на вода на друг начин.

4.Месните заедници на населените места кои не се опфатени со регионалниот водовод, во 2018 година, ќе бидат задолжени да вршат испитување на водата и да превземат соодветни мерки доколку истата не е безбедна за пиење.

*Финансиски средства за спроведување на точка 1, ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈКП СЦГ и самофинансирачки за селата со сопствен водовод.*

**2.Општа мерка**

**Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина**

Отстранувањето на отпадните води и друг комунален отпад е од големо значење за обезбедување на здрава животна средина која нема да има опасност од појава на заразни болести.

Собирање и транспортирање на комуналниот отпад од домаќинствата го врши ЈКП СЦГ во населените места Кучевиште, Мирковци, Чучер, Сандево, Бањани, Горњани, Глуво, Бразда, Голиово, Побожје и Блаце.

Отстранување на отпадните води преку собирање и прочистување за населените места Глуво, Бразда,Мирковци и Чучер Сандево се врши во Прочистителната станица за отпадни води која се наоѓа во с.Бразда. Истата предвидено е да опфати 9.000 ЕЖ.

Дел од домаќинствата на територијата на Општината имаат септички јами, а голем дел отпадните води ги испуштаат во селските бразди или реки.

Со оглед на фактот што голем број домаЌинства користат вода од бунари (за во домаќинство или за наводнување) голема еверојатност односно опасност истата да се измеша со фекални и други отпадни води. Превентивно, на домаќинствата се препорачува да не користат вода за пиење од бунари.

Отстранување на комунален отпад е уште една првенствено, превентивна дејност за спречување на настанување и ширење на заразиi.

**2.1.ЦЕЛ**

Заштита на населението и на животната средина со отстранување на отпадните води,согласно законските прописи.

**АКТИВНОСТИ**

На канализационата мрежа во 2018 година ќе се приклучат и жителите од населено место Бањане.

Во текот на 2018 година предвидено е и завршување на канализационата мрежа во населено место Кучевипте.

Општина Чучер-Сандево во 2018 година, ќе продолжи со активности за изградба и санирање на постоечките јами согласно позитивните законски прописи и вложување напори за изнаоѓање финансиски средства од сопствени извори како и од донации и грантови за завршување на преостанатиот дел за изградба на фекална канализација и третман на отпадни води.

*За обезбедување на финансиски средства за продолжување на третата фаза за изградба на фекална канализација и третман на отпадни води, опШтина Чучер Сандево ќе аплицира пред надлежните институции во Р. Македонија и потенцијалните странски донатори.*
*За изведување на работите за изградба на канализацијата потребни се 500.000 евра.*

**2.2.ЦЕЛ**

Собирање на комуналниот отпад од домаќинствата за обезбедување на здрава и чиста животна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Со оглед на фактот дека голем број на населените места се од збиен тип, со мали, тесни ули;ки, потребно е да се обезбеди едно мало возило за собирање на комунален отпад од домаЌинствата кои живеат на места непристапни за возилото со кое моментално располага ЈКП СЦГ.

| Тип на возило | Цена |
|---|---|
| Возила кои имаат зафатнина од 16 кубни метри со вграден механизам за подигање и празнење на стандардни контејнери и типски канти. | 2.000.000, 00денари |
| Канти 120 л. | 800 000,00 денари |

*Финансиски средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Чучер Сандево.*

**2.3.ЦЕЛ**

Заштита на вработените во Јавното Комунално Претпријатие кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад со што би се спречило,првенствено, настанување а потоа и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

-редовно обновување на опремата за работа (заштитни униформи, алат и сл)

-задолжителна вакцинација (Активна имунизација против црвен тифус-задолжителна еднаш на три години).

*Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од сметката на ЈКП СЦГ.*

**3.Општа мерка**

**Санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти-училишта**

На територија на Општина Чучер-Сандево постојат 3 основни училишта ОУ „Св Кирил и Методиј“ с.Кучевиште со ПОУ во с.Побожје, ОУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево со ПОУ во с.Блаце и ОУ „Михаљ Грамено“-с.Брест со ПОУ во с.Танушевци и во с.Малино.

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.

**3.1.ЦЕЛ**

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најраливата група-децата.

**АКТИВНОСТИ**

-вршење на здравствени прегледи врз вработени во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

*Финансиски средства за извршување на цел 1. ќе обезбедат Училиштата од сопствените сметки.*

**3.2.ЦЕЛ**

Задолжителна превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација во училишните установи со цел создавање на безбедна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Во училиштата превентивната **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** е задолжителна на секои 6 месеци, а ја врши Овластена установа за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второто полугодие.

| | **Објект** | **Распоред на дезинфекција, дезинсекција и дератизација** | |
|---|---|---|---|
| 1 | ОУ Св.Кирил и Методиј с.КучевиШте | 01.2018 | 09.2018 |
| 2 | ПОУ Св.Кирил и Методиј с.Побожје | 01.2018 | 09.2018 |
| 3 | ОУ Александар Урдаревски с.Сандево | 01.2018 | 09.2018 |
| 4 | ПОУ Александар Урдаревски с.Блаце | 01.2018 | 09.2018 |
| 5 | ОУ Михаљ Грамено с.Брест | 01.2018 | 09.2018 |
| 6 | ПОУ Михаљ Грамено с.ТануШевци | 01.2018 | 09.2018 |
| 7 | ПОУ Михаљ Грамено с.Малино | 01.2018 | 09.2018 |

-Лица во училиштето задолжени за спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација:

| **Основно Училиште** | **Одговорно Лице** | **Работно место** |
|---|---|---|
| Александар Урдаревски | Миодраг Кајевиќ | Ложач |
| Св..Кирил и Методиј | Драгољуб Гурмешевиќ | Хаусмајстор |
| Михаљ Грамено | Кемаљ Сејдиу | Одд. наставник |

*Финансиски средства за извршување на цел 2. ќе обезбедат Училиштата од сопствените сметки.*

**3.3.ЦЕЛ**

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

**АКТИВНОСТИ**

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците надлежна е Амбуланта Шуто Оризари, а се вршат според однапред изготвен распоред на Амбулантата за што училиштата, благовремено, се известуваат за распоредот и термините.

За следење на здравјето на забите на учениците надлежен е Здравствен дом Чаир.

По добивање на известувањето, ОУ се обврзани да ги превземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа пристапува кон активности за спроведување на истата.

Точните термини за вакцинацијата и систематските прегледи дополнително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

За вакцинација

| Одделение | Вакцина | |
|---|---|---|
| I | Р1МРП | |
| II | ДиТе | Дифтерија, тетанус |
| **II** | Полио | Детска парализа |

| | | |
|---|---|---|
| **II** | Тест за ТБЦ ивакцина ТБЦ | Туберколоза |
| **VI** | ХПВ вакцина | Хуман папилома вирус |
| **VII** | ХПВ вакцина | Хуман папилома вирус |
| **VIII** | Вакцина ДиТе, Полио | Дифтерија, тетанус, детска парализа |
| **VIII** | Вакцина Рубеола (само девојчиња) | Мали сипаници, зауШки, црвенка |

За систематски преглед

| Одделение |
|---|
| **I** |
| **III** |
| **V** |
| **VII** |

-Лица од училиштата задолжени за организирање и спроведување на систематски прегледи и вакцинации:

| **Основно Училиште** | **Одговорно Лице** | **Работно место** |
|---|---|---|
| Александар Урдаревски | Гордана Поповска | Училишен социолог |
| Св..Кирил и Методиј | Мирјана Николовска | Училишен психолог |
| Михаљ Грамено | Муса Јакупи | Директор |

*Финансиски средства за извршување на цел 3. не се потребни.*

**3.4.ЦЕЛ**

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

## АКТИВНОСТИ

-постојано одржување на хигиена во работните простории,
-постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли,
-течен сапун во тоалетите и
-зголемување на бројот на хигиеничари.

*Финансиски средства за извршување на цел 4. ќе обезбедат Училиштата во сопствените сметки.*

**4. Општа мерка**

***Превентивно промотивни активности за чување и унапредување на здравјето на населението***

4.1. Целта на ова мерка е, пред се, промоција на здравјето на населението како и превенција од болести во општината преку здравствена едукација на најранливата категорија-учениците во основните училишта. Целта би се постигнала преку предавања на следните теми:

## АКТИВНОСТИ

| **Едукативни предавања** | **Носител** | **Вклучени страни во проектот** | **Обезбедени средства од Буџетот на ОпШтина Чучер Сандево (2015 г)** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Здравствениот бенефит од спроведување на редовна физичка активност кај училишните деца | ЕЛС | ЈЗУ ЦЈЗ Отсек за промоција на здравјето и Оделение за социјална медицина | 3.000 ден. |
| 2.Исхрана и здравје-здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана | ЕЛС | | 3.000 ден. |
| 3.Активности во периодот на детството и адолесценција | ЕЛС | | 1.000 ден. |
| ВКУПНО | | | 7.000 ден. |

Во 2018 година, советодавни и едукативни предавања во Училиштата ќе се вршат преку предавања, трибини и работилници согласно договор за можни термини на Центар за Јавно Здравје Скопје со Основните училишта.

*Финансиски средства за реализација на точка 4. ќе се обезбедат од Буџетот на Оопштината за 2018 година.*

**5.Општа мерка**

**Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и јавни површини**

Јавните површини па и цели населени места се исто така места на кои постои опасност од појава и ширење на заразни болести,како од комунален отпад така и при наезда на инсекти и други штетници кои се преносители на заразни заболување (комарци, глувци).

Чистење на јавни површини од комунален смет во 2018 година ќе се врши според Програмата за јавна чистота на Општина Чучер -Сандево.

Во случај пак на наезда од штетници и инсекти, Општина Чучер-Сандевово соработка со надлежниот Завод за здравствена заштита-Скопје и по негова предходна препорака, ќе води грижа за безбедноста на граѓаните и од овој вид на загрозување со вршење на дезинсекција и дератизација.

**5.1.ЦЕЛ**

Уништување на штетници кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

**АКТИВНОСТИ**

-Дезинсекција на населени места при појава на инсекти или опасност од заболувања кои ги пренесуваат инсектите. Дезинсекцијата во 2018 година ќе се спроведува според елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и сузбивање на вектор преносливи заболувања, изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје.

-Дератизација на населбите, околините на населбите, средства за јавен превоз, складишта како и други работни простории, како и по епидемиолошки индикации при појава на глодари или опасност од појава на заболувања чии извори на зараза или преносители се глодари и ќе се изврши според Елаборат за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и депонии во Општината за заштита на населението од вектор преносливи болести, изготвен од Центар за јавно здравје.

За активностите дезинфекција, дезинсекција и дератизација од Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2018 година издвоени се 150.000 денари.

**II.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево го следи реализирањето на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози, во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево", а Ќе се применува до 31.12.2018 година.

**Бр.01-322/9**
**28.02. 2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 16.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **4-та** седница, одржана на **28 февруари 2018** година

**Бр.09-348/8**
**01.03.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **4-та** седница одржана на **28.02.2018** година, донесе

## П Р О Г Р А М А
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

1.Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2018 година преставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација

за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

**2.Во текот на 2018 година се планираат активности за изработка на:**
**-Урбанистички план за вон населено место - индустриска зона Глуво-Бразда.**
**-Локална урбанистичкапланска документација за изградба на објект со намена В1-1 основно образование за Г.П.1.1. на КП 2794/1 и дел од КП 2783/1, КО Блаце Кале, Општина Чучер-Сандево.“**

3.За финасирање на програмата средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година.

4.Во текот на годината зависно од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

5.Врз основа на Годишната програма за изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на планот ќе склучи договор за изработка на планови со правни лица кои имаат овластувања и лиценца за изработка на урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

6.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-322/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**28.02.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

Врз основа на член 1 од Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево објавува

**Ј А В Е Н П О В И К бр.01/2018**

За прибирање на барања за распределба на средства од Буџетот н Општина Чучер-Сандево за 2018 година, наменети за финансирање на програмски активности на физички лица и здруженија и фондации во областите од надлежност на општината.

Се повикуваат здруженијата на граѓани и фондации од областите од надлежност на Општина и тоа: спорт и рекреација, култура, образование, своите барања за распределба на средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година да ги достават до Општина Чучер-Сандево во предвидениот рок.

Распределбата на средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година, наменети за финансирање на програмските активности на физички лица и здруженијата на граѓани и фондации од областите на надлежност на општината ќе се вршат согласно Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево.

Средствата се доделуваат еднократно.

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат учесниците на јавниот повик за добивање на средствата се:

1. Значењето на програмите, проектите или активностите за општината, регионот, Републиката или значење од меѓународен карактер;
2. Можности за афирмација на општината;
3. Претходни успеси, добиени награди во општината, регионот, Републиката и меѓународни награди;
4. Временски период за реализација на истите;
5. Висината на обезбедени средства од донатори или други извори;
6. Успешно реализирани претходни проекти од областа за која се поднесува предложениот проект.

Учесниците на јавниот повик кон пријавата треба да ја достават и следната документација:

- <u>За здруженија на граѓани и фондации:</u>

1. Предлог-Проект;
2. Програма на активноста за тековната година;
3. Решение за упис во Централниот регистар согласно Законот за здруженија и фондации;
4. Изјава за ефикасното и наменско користење на средствата добиени од Буџетот на Општина Чучер-Сандево во минатата фискална година.

- За физички лица:

1. Пофалници
2. Дипломи
3. Уверенија

4. Потврда или друга соодвена документација издадена од надлежен орган со која се потврдуваат постигнатите успеси/резултати.

Пријавата треба пополнета со печатни букви и на кирилско писмо, потпишана од застапникот на здружението или фондацијата и заверен со печат.

Пријавата со целокупната документација се доставува до Општина Чучер-Сандево на адреса ул.„Четири Воденички“ бб с.Мирковци, преку пошта или преку архивата на Општина Чучер-Сандево.

На ковертот со пријавата и целокупната документација треба да има ознака – За јавен повик бр.01/2018 за распределба на средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во областите од надлежност на општината.

Пријавите се доставуваат до 31.10.2018 година.

Учесниците на јавниот повик за резултатите ќе бидат известени во рок од 15 дена од денот на поднесување на Пријавата.

**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Јован Пејковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

9. Одлука за измена на распоредот на средствата
на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година..............................1

10. Одлука за измена на одлуката за извршување
на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година............................ 2

11. Одлука за надоместок на изборни трошоци на учесници
во изборна кампања од чии листи на кандидати
се избрани кандидати за членови на Советот,
односно кандидат за градоначалник и на учесници
во изборна кампања од чии листи на кандидати
не се избрани кандидати за членови на Советот,
кандидат за градоначалник.................................................................................. 4

12. Програма за јавно осветлување во
Општина Чучер-Сандево за 2018 година.................................................................. 6

13. Програма за одржување на јавна чистота
во Општина Чучер-Сандево за 2018 година.............................................................. 8

14. Програма за активности на Општина Чучер-Сандево
во областа на социјална заштита во 2018 година.................................................... 12

15. Програма за спроведување на општи мерки за чување
и унапредување на здравјето на населението и заштита
на заразни болести во 2018 година............................................................................. 15

16. Програма за изработка на урбанистички планови
на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2018 година................................. 23